РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1948/2
05-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-та седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1948/1 од 18.05.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 1948 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 18.05.2021 година, поднесена е пријава во врска со постапката за вработување во ---- по пат на Јавен оглас бр.---/---- и оформен е предмет број 12-1948/1 од 2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на Законот за административни службеници при спроведување на постапката по Јавен оглас бр.---/---- за вработување во ----, поради што подносителот, во својство на кандидат во постапката, пред ДКСК го обжалува процесот на вработување по наведениот оглас и иницира отпочнување на процес за оценување на процесот на вработување во државната администрација спроведуван од Агенцијата за администрација. Воедно, изразува сомнеж дека фазите на процесот за селекција на кандидати кои се пријавиле на јавниот оглас, наговестуваат злоупотреба на законот, ценејќи дека потребната

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

документација претставува дискриминација и бариера за влез во следната фаза, оценувањето е нетранспарентно, испитот е нефункционален и може да биде злоупотребен, додека пак интервјуто е неефективно и мошне штетно за општеството. Подносителот изразува сомнеж дека на тој начин се изигрува законот и неговата цел и истиот се користи како параван за вработување на кадри на корумпивен начин, преку политичка патронажа или преку кронизам и непотизам. Незадоволен од спроведената постапка за вработување по Јавен оглас бр.---/----, подносителот ја обжалува постапката, бара да се поништи огласот и да се повтори постапката по претходно исправање на процесот, преку надлежностите кои ги има ДКСК.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не претставуваат корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.В.Б.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска**